# Пчеларникот

Четврток, 08 Јануари 2009 19:23

**Пче**



**ларникот е простор на кој се сместуваат сандуците со пчели**. Најчесто тоа е земјишен простор кој треба да задоволува одредени услови .
Пчеларниците можат да бидат стационирани на едно место и во текот на пчеларската година да не ја менуваат локацијата.

пчеларник ,,Габреш,, Кратово јуни 2008

Пчеларниците можат да бидат и селечки за одреден период да се наоѓаат на една а во друг период зависно од пчелината паша на друга локација.

Пчеларниците можат да бидат:

- од отворен тип, кошници слободно распоредени во природата
- од затворен тип , заштитени и збиени еден до друг сандук најчесто тоа се АЖ кошници а можат да бидат сместени во стари автобуси , камиони и др.
- под настрешници овие пчеларници најчесто се наоѓаат близу до живеалиштето на пчеларот и се поставуват под стреите на помошните објекти со цел да се заштитат од студени ветрови или големи летни горештини. На тој начин се надополнуваат некои од недостатоците на локацијата.